# Барање за пристап до информации од јавен карактер

Република Северна Македонија, Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Примено/E pranua 12.03.2024
Орг. Един. Njësia Org. 03 Број Numër 351/1

From: Ohrid SOS (ohridsos@gmail.com)

To: zimohrid@yahoo.com

Date: Monday, March 11, 2024, 03:16 PM GMT+1

Почитувани,

Согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за заштита на културното наследство, од НУ завод за заштита на спомениците и музеј Охрид:

1. Барам да ми се достави целокупната документација која се однесува на предметот на КП 15927 и КП 15953, КО Охрид 3 на ул. „Илинденска" (во непосредна близина на ранохристијанската базилика „Манчевци") и тоа:
- Барање за издавање на ЗКУ,
- Решение за формирање тим за археолошки истражувања,
- комплетен Извештај од извршените археолошки истражувања,
- Мислење за издавање на ЗКУ,
- Решение за заштитно конзерваторски услови,
- фотографии,
- Одобрение за градба,
- Мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион,
- Легенда со пресек на планираниот објект за градба, нумерички параметри и предвидени параметри со основен и идеен проект,
- останата постоечка документација.

2. Воедно, барам информација за тоа што досега е преземено од ваша страна на оваа локација и што се планира во иднина со пронајдените археолошки остатоци.

Ве молам, бараните информации да ми биде доставена во електронски формат во законски утврдениот рок.

Однапред благодарам.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Во акта ...
Рок ...
Потпис

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

НУ Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,
тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173;
е-маил: zavodohrid@yahoo.com; жиро сметки: буџетска 180100907560319 и сопствена 18010090

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË
MONUMENTEVE TË KULTURES DHE
Бр./Nr. 03-351/3
08.04.2024
Охрид/Ohër

**До**
**Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS**
**(ohridsos@gmail.com)**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на информации за слободен пристап до информации од јавен карактер

**ВРСКА:** Информација од јавен карактер – доставување на целокупната документација која се однесува на предметот на КП 15927 и КП 15953 КО Охрид 3 на ул. Илинденска (во непосредна близина на ранохристијанска базилика Манчевци), бр.03-351/1 од 12.03.2024 година)

НУ Завод и Музеј – Охрид, постапувајќи по поднесено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за заштита на културното наследство од страна на Ohrid SOS преку застапник
од 11.03.2024 година испратено по електронски пат (наш бр. 03-351/1 од 12.03.2024 година), а во врска со доставување на целокупната документација која се однесува на предметот на КП 15927 и КП 15953 КО Охрид 3 на ул. Илинденска (во непосредна близина на ранохристијанска базилика Манчевци), за тоа цитирам:

1. Барам да ми се достави целокупната документација која се однесува на предметот на КП 15927 и КП 15953 КО Охрид 3 на ул. Илинденска (во непосредна близина на ранохристијанска базилика Манчевци) и тоа:
   - Барање за издавање на ЗКУ,
   - Решение за формирање тим за археолошки истражувања,
   - Комплетен Извештај од извршените археолошки истражувања,
   - Мислење за издавање на ЗКУ,
   - Решение за заштитно конзерваторски услови,
   - Фотографии,
   - Одобрение за градба,
   - Мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион,
   - Легенда со пресек на пламираниот објект за градба, нумерички параметри и предвидени параметри со основен и идеен проект,
   - Останата постоечка документација.

2. Воедно, барам информација за тоа што досега е преземено од ваша страна на оваа локација и што се планира во иднина со пронајдените археолошки остатоци.

Врз основа на член 13 ст. 3 и 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата НУ Завод и Музеј – Охрид, преку овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/19) Ви ги доставува следните информации:

Во врска со вашето барање информација од јавен карактер, а притоа имајќи го предвид член 3 став 1 точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) за тоа што е информација од јавен карактер, дека тоа е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности, Ве информираме за следното:

- За урбанизација на горенаведената локација беше донесен **Детален урбанистички план за УЗ 1 блок 1.2 и блок 1.4 УЗ 3 дел од блок 3.4 Општина Охрид, плански период 2009 оветот на општина Охрид (Сл. гласник на општина Охрид бр. 7/2014).** За изработка на горенаведениот ДУП беше изработен **Анекс на Заштитно конзерваторски основи за културното наследство од НУ Завод и Музеј – Охрид бр. 13-1537/5 од 22.11.2013 година**. Управата за заштита на културно наследство – Скопје издаде **Решение за одобрување на Анекс на Заштитно конзерваторските основи бр. 17-976 од 06.12.2013 година** и **Мислење дека Заштитно конзерваторските основи се вклопени во изработениот ДУП бр. 17-4039/2 од 31.12.2013 година**. Согласно член 74 став 1 од **Законот за заштита на културно наследство** ***(„Службен весник на РМ" бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19 )*** **... Кога не е донесен урбанистички план, односно општ акт според закон, или во планот нема вградено заштитно – конзерваторски основи условите за изградба на објект или за преземање на мерки на непосредна заштита со кој непосредно или посредно се нарушува интегритетот на заштитеното добро, односно заштитеното подрачје задолжително содржат заштитно – конзерваторски услови.** Во овој случај заштитно – конзерваторските основи се вградени при изработката на **Детален урбанистички план за УЗ 1 блок 1.2 и блок 1.4 УЗ 3 дел од блок 3.4 Општина Охрид, плански период 2009 оветот на општина Охрид (Сл. гласник на општина Охрид бр. 7/2014)** и од тие причини не било потребно да се поднесе барање за издавање на ЗКУ.
- Археолошките истражувања на КП 15927 КО Охрид 3, општина Охрид како прва фаза од истражувањата се завршени во текот на 2023 година врз основа на добиено Одобрение за археолошки истражувања издадено од Управата за заштита на културно наследство – Скопје **УП бр. 08-149 од 01.03.2023 година** од страна на стручен тим формиран со **Решение бр. 02-235/8 од 06.03.2023 година**. Од првата фаза од извршените археолошки истражувања изработен е извештај и истиот е доставен до управата за заштита на културно наследство – Скопје **бр. 09-235/15 од 28.12.2023 година**.
- Согласно член 59 став 3 алинеја 3 од **Законот за заштита на културно наследство** ***(„Службен весник на РМ" бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19 )***,**...Во рок од три години да ги објават резултатите од археолошките истражувања (на веб страницата на носителот на дозволата за археолошко истражување, во стручна или научна публикација, во стручно или научно списание или на друг соодветен начин на објавување во јавноста).** Од тие причини согласно законските надлежности, не сме во можност да Ви доставиме комплетен Извештај од

извршените археолошки истражувања во моментов.

- Со оглед на тоа што не било потребно да се достави Барање за издавање на ЗКУ, не е изготвено ни Мислење за издавање на ЗКУ.

- Од истите причини не е донесено ни Решение за издавање на заштитно конзерваторски услови (изработени се Заштитно конзерваторски основи кои се вградени при изработката на горенаведениот ДУП).

- Фотографиите претставуваат составен дел од Извештајот за извршените археолошки истражувања.

- За изградба на објект на горенаведената КП издадено е Одобрение за градење **бр. 20 УП 1143/6 од 03.01.2013 со правосилност од 06.05.2013 година** од страна на Министерството за транспорт и врски на РМ. Мора да се напомене дека после извршените археолошки истражувања и откриените наоди не постојат услови да се изведе градбата согласно издаденото Одобрение за градење и усвоениот Основен проект.

- Мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион не е издадено од причини што во тој период горенаведената комисија не беше формирана.

- Со овие истражувања откриен беше монументален сакрален објект од раното христијанство, декориран со мозаични подови и полихромно фрескосликарство. Постои можност овој објект да бил во директна комуникација со блиската ранохристијанска базилика „Манчевци", но со моменталниот степен на истраженост тоа не може со сигурност да се потврди. Со истражувањата се доби јасна слика за тоа каде би можел во иднина да се гради приватниот станбен објект, за што инвеститорот доби насоки во Извештајот од извршените заштитни археолошки истражувања. Од горенаведеното произлегува дека во моментов не постојат нумерички параметри и предвидени параметри со основен и идеен проект.

- Не постои останата постоечка документација.

2. Откриените декоративни архитектонски елементи, односно мозаичниот под и фрескоживописот уште во текот на истражувањата беа консолидирани и врз нив беше направена превентивна конзервација, а веднаш по завршувањето со истражувањата целиот објект беше заштитен од атмосферските влијанија со привремен кров. Истражувањата во иднина би требало да се насочат на просторот јужно и источно од предметната катастарска парцела. Самата изградба во моментот зависи од многу фактори и актуелни законски регулативи, пред сè донесување на нов детален урбанистички план за овој дел од заштитеното градско јадро на Охрид. Во овој момент не е возможно да се гради според важечкиот детален урбанистички план и Одобрението за градење издадено од Министерството за транспорт и врски на Република Македонија.

Со почит,

Службено лице за посредување со

информации од јавен карактер

Тања Паскали Бунташеска

диа, конзерватор – советник

Т. Бунташеска

в.д. Директор,

М-р Ирена Шајн